## Информација за резултатите од спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 преку податоци/показатели за следење

Спроведувањето на ИПАРД во првата половина на 2021 продолжи иако во значително отежнати услови, пред се предизвикани од пандемијата. И онака нецелосните човечки капацитети во Телото за управување со ИПАРД и АФПЗРР се соочија со недостиг на кадар заради оправдано отсуство на вработените. Ова особено се рефлектираше на функционирањето на системот за следење на Програмата и навремената достава на податоци за следење, што директно влијае на функциите за следење на Програмата и известување на Телото за управување со ИПАРД (Член 8(3), 51 и 59 од Секторската Спогодба). Телото за управување со ИПАРД во повеќе наврати информираше и аплелираше до АФПЗРР да се назначи и обучи замена на службеникот за известување во АФПЗРР со цел да се надмине проблемот. Состојбата е идентификувана како ризик и соодветно пријавена и дускутирана помеѓу ИПАРД структурата на последниот Панел за ризици одржан на 11 мај 2021.

Во периодот од почетокот на 2021 година, до објавување на оваа информација (април 2021) и покрај отежнатите услови заради пандемијата, АФПЗРР склучи договори со 246 баратели и исплати 178 реализирани проекти/барања. Во продолжение е презентирано исполнувањето на целите и таргетите дефинирани за секоја мерка во Програмата.

Исполнувањето на целите на мерките се мери со сет на посебни показатели дефинирани и таргетирани за секоја мерка[1].

| Показатели за мерка | | Проектиран и таргети | Постигнати резултати | Постигнат о во % |
|---|---|---|---|---|
| Мерка 1 | Број на исплатени барања/проекти | 3.100 | 1.388 | 44,8% |
| | Број на земјоделски стопанства кои реализирале проекти за модернизација | 3.100 | 1.388 | 44,8% |
| | Број на економски ентите кои постепено се унапредуваат до стандардите на ЕУ | 1.200 | 320 | 26,7% |
| | Број на земјоделски стопанства кои постепено се унапредуваат кон целосна усогласеност со стандардите на ЕУ за благосостојба на животните | 30 | 0 | 0% |
| | Број на земјоделски стопанства кои инвестирале во производство на енергија од обновливи извори | 25 | 2 | 8% |

[1] Показателите на број на исплатени барања, број на земјоделски стопанства кои реализираат проекти за модернизација и број на земјоделски стопанства/компании со дополнителни или диверзифицирани извори на приход во рурални средини имаат статус од 30ти април 2021. Останатите показатели од оваа табела се со статус 31ви декември 2020.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Број на земјоделски стопанства кои инвестирале во намалување на емисијата на $N_2O$ и метан во сточарството (управување со арско ѓубре) | 50 | / | / |
| | Вкупно инвестиции во физички капитал на земјоделските стопанства | 48 мил. ЕУР | 17,5 мил. ЕУР | 36,5% |
| Мерка 3 | Број на исплатени барања/проекти | 220 | 59 | 26,8% |
| | Број на компании кои реализирале проекти за модернизација | 220 | 59 | 26,8% |
| | Број на економски ентите кои постепено се унапредуваат до стандардите на ЕУ | 200 | 18 | 9% |
| | Број на компании кои инвестирале во производство на енергија од обновливи извори | 20 | 1 | 5% |
| | Број на отворени работни места (бруто) | 1.300 | / | / |
| | Вкупно инвестиции во физички капитал на компаниите | 52 мил. ЕУР | 17,6 мил. ЕУР | 33,8% |
| Мерка 7 | Број на исплатени барања/проекти | 300 | 13 | 4,3% |
| | Број на земјоделски стопанства/компании со дополнителни или диверзифицирани извори на приход во рурални средини | 70 | 13 | 18,6% |
| | Број на корисници кои инвестирале во производство на енергија од обновливи извори | 25 | 0 | / |
| | Број на отворени работни места (бруто) | 1.000 | / | / |
| | Вкупно инвестиции во физички капитал кај корисниците | 9 мил. ЕУР | 1,4 мил. ЕУР | 15,5% |

## 1. Анализа на процесот на спроведување по мерки

Спроведувањето на ИПАРД Програмата 2014-2020 започна во април 2017 со поднесување на барањата на првиот јавен повик (01/2017) во кој беа вклучени сите мерки од Програмата. До мај 2021 објавени се уште 5 јавни повици (секој повик за различна мерка) и најава за објавување на јавен повик за Мерка 7 (јавниот повик треба да се објави во првата половина на јуни 2021).

- Јавен повик 01/2018 за поднесување на барања за Мерка 3,
- Јавен повик 02/2018 за поднесување на барања за Мерка 1,
- Јавен повик 01/2019 за поднесување на барања за Мерка 7,
- Јавен повик 02/2019 за поднесување на барања за Мерка 3 и
- Јавен повик 01/2020 за поднесување на барања за Мерка 1.

Состојбата со поднесените барања на сите јавни повици е:

| Мерка | Поднесени | | Одобрени | | Исплатени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | ЕУ средства | Број | ЕУ средства | Број | ЕУ средства |
| **1** | 3.251 | 35.979.297 | 1.685 | 15.368.452 | 1.388 | 8.592.819 |
| **3** | 183 | 57.257.461 | 117 | 20.369.877 | 59 | 6.844.294 |
| **7** | 448 | 63.898.035 | 90 | 9.078.183 | 16 | 666.522 |
| **9** | 13 | 150.205 | 13 | 150.205 | 8 | 21.126 |
| **Вкупно** | 3.895 | 157.284.998 | 1.905 | 44.966.717 | 1.471 | 16.124.761 |

Анализата на спроведувањето на Програмата по региони е направена врз база на податоци со статус од 30ти април 2021.

| Регион | Поднесени | Одобрени | | Исплатени | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Број | Број | ЕУ средства | Број | ЕУ средства |
| Пелагониски | 1.458 | 789 | 10.408.516 | 653 | 5.201.693 |
| Вардарски | 933 | 522 | 5.968.964 | 393 | 2.255.610 |
| Североисточен | 175 | 67 | 482.116 | 68 | 515.463 |
| Југоисточен | 311 | 131 | 6.702.204 | 101 | 2.209.761 |
| Скопски | 304 | 93 | 7.344.575 | 43 | 2.091.402 |
| Југозападен | 216 | 84 | 2.881.046 | 64 | 2.025.626 |
| Полошки | 139 | 41 | 5.629.489 | 24 | 691.073 |
| Источен | 346 | 167 | 5.399.603 | 117 | 1.113.560 |
| Вкупно | 3.882 | 1.892 | 44.816.512 | 1.463 | 16.104.188 |

Податоците и резултатите од горната табела се поткрепени со фактот дека региони како Пелагониски, Вардарски и Југоисточен имаат понапредно земјоделско производство, водено претежно од растително производство. Инвестициите во растително производство, особено во набавка на нови машини и опрема, се поедоставни за

спроведување –(нема потреба од дозволи за градба/реконструкција или во случај на набавка на трактори нема потреба од доказ за еколошките стандарди).

Мерка 1, поддршка по статистички региони:

| Регион | Поднесени | Одобрени | | Исплатени | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Број | Број | ЕУ средства | Број | ЕУ средства |
| Пелагониски | 1.355 | 732 | 4.904.912 | 634 | 3.959.146 |
| Вардарски | 859 | 503 | 3.263.590 | 388 | 1.814.864 |
| Североисточен | 146 | 62 | 405.254 | 65 | 441.620 |
| Југоисточен | 240 | 108 | 1.776.331 | 91 | 910.848 |
| Скопски | 182 | 65 | 1.302.115 | 30 | 156.568 |
| Југозападен | 158 | 71 | 334.562 | 58 | 286.391 |
| Полошки | 67 | 16 | 1.435.404 | 13 | 62.900 |
| Источен | 244 | 128 | 1.946.284 | 109 | 960.482 |
| Вкупно | 3.251 | 1.685 | 15.368.452 | 1.388 | 8.592.819 |

Мерка 3, поддршка по статистички региони:

| Регион | Поднесени | Одобрени | | Исплатени | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Број | Број | ЕУ средства | Број | ЕУ средства |
| Пелагониски | 34 | 26 | 3.586.876 | 13 | 1.061.730 |
| Вардарски | 25 | 13 | 2.022.735 | 5 | 440.746 |
| Североисточен | 5 | 2 | 73.382 | 2 | 72.920 |
| Југоисточен | 33 | 21 | 4.064.596 | 10 | 1.298.913 |
| Скопски | 32 | 18 | 3.951.701 | 10 | 1.496.397 |
| Југозападен | 8 | 7 | 1.910.267 | 5 | 1.738.348 |
| Полошки | 20 | 15 | 2.813.817 | 10 | 626.680 |
| Источен | 26 | 15 | 1.946.504 | 4 | 109.113 |
| Вкупно | 183 | 117 | 20.369.877 | 59 | 6.844.847 |

Мерка 7, поддршка по статистички региони:

| Регион | Поднесени | Одобрени | | Исплатени | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Број | Број | ЕУ средства | Број | ЕУ средства |
| Пелагониски | 69 | 28 | 1.916.728 | 6 | 180.817 |
| Вардарски | 49 | 6 | 682.639 | 0 | 0 |
| Североисточен | 24 | 3 | 3.480 | 1 | 923 |
| Југоисточен | 38 | 2 | 861.277 | 0 | 0 |
| Скопски | 90 | 10 | 2.090.759 | 3 | 438.437 |
| Југозападен | 50 | 6 | 636.217 | 1 | 887 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Полошки | 52 | 10 | 1.380.268 | 1 | 1.493 |
| Источен | 76 | 25 | 1.506.815 | 4 | 43.965 |
| Вкупно | 448 | 90 | 9.078.183 | 16 | 666.522 |

## Спроведување на Мерка 1

За Мерка 1 досега беа објавени 3 јавни повици (01/2017, 02/2018 и 01/2020). Процесот на одобрување на барањата за првиот и вториот јавен повик заврши.

| Јавен повик | Поднесени (А) | Одобрени (Б) | Исплатени (В) | Стапка на одобрување (Б/А) | Стапка на исплата (В/Б) |
|---|---|---|---|---|---|
| 01/2017 | 1.404 | 845 | 817 | 60 % | 96 % |
| 02/2018 | 1.099 | 640 | 568 | 58 % | 89 % |
| 01/2020 | 748 | 200 | 3 | 27 % | 2 % |
| Вкупно | 3.251 | 1.685 | 1.388 | 52 % | 82 % |

Агенцијата сеуште ги одобрува барањата доставени на третиот јавен повик. Сумата на одобрени ЕУ средства изнесува 15.368.452 евра, сумата на исплатени 8.592.819 евра. Во мерката се забележани 57 раскинувања на договори на барање на барателите.

Типови на производство во Мерка 1[2]:

| Тип на производство | Поднесени барања | Одобрени барања | Одобрени ЕУ средства | Исплатени барања | Исплатени ЕУ средства |
|---|---|---|---|---|---|
| Лозови насади | 476 | 249 | 1.618.472 | 216 | 991.830 |
| Овошни насади | 1.009 | 443 | 4.858.395 | 388 | 2.626.813 |
| Градинарство | 214 | 92 | 598.236 | 83 | 439.689 |
| Полјоделство | 1.403 | 671 | 4.349.349 | 512 | 3.173.195 |
| Индустриски култ. | 52 | 13 | 94.580 | 10 | 85.581 |
| Произв. на млеко | 43 | 6 | 145.501 | 3 | 49.757 |
| Произв. на месо | 28 | 5 | 2.062.363 | 2 | 32.938 |
| Произв. на јајца | 10 | 2 | 446.268 | 0 | 0 |
| Преработка | 11 | 2 | 28.303 | 1 | 12.786 |
| Произв. на енергија | 5 | 2 | 6.353 | 2 | 6.353 |

Интересот и искористеноста на поддршката од ИПАРД за инвестициски активности во мерката 1 е првенствено за набавка на опрема и машини. Значително послаб е интересот за инвестициски активности за изградба или реконструкција на земјоделски објекти и развој на инфраструктура на фармите. Причината за оваа состојба е неможноста на барателите да добијат одобренија за градба/реконструкција.

[2] Податоците во оваа табела се од декември 2020

Легализацијата на фармите, недостатокот на детални урбанистички планови во селата и слабите капацитети на руралните општини одговорни за ова прашање се дополнителни проблеми што го попречуваат процесот на добивање одобрение за изградба или реконструкција.

Преглед на барања во Мерка 1 по тип на инвестиција (набавка на опрема или градење/реконструкција)[3]:

| Тип на инвестиција | Поднесени | Одобрени | Исплатени |
|---|---|---|---|
| Набавка на опрема и механизација | 3.224 | 1.482 | 1.215 |
| Градење/реконструкција | 27 | 3 | 2 |

Исто така, не е покажан интерес за инвестиции во комбајни, специјализирани приколки за земјоделски транспорт и возила. Инвестициите во наводнување имаат помала вредност и тие обично се комбинираат со друга опрема и машини. Со цел да се избегне двојно пребројување на проектите, системот за следење ги регистрира овие барања со мешани типови на инвестиција според повисоката цена на набавената ставка, во овој случај опремата или машинеријата.

Согласно податоците на Агенцијата, огромен е интересот за набавка на опрема за постбербени активности, преработка и директен маркетинг на сопственото производство.




## Спроведување на Мерка 3

Како и за Мерката 1 и за Мерката 3 имаше 3 јавни повици (01/2017, 01/2018 и 02/2019). Процесот на одобрување на барањата за првиот и вториот јавен повик заврши.

[3] Податоците во оваа табела се од декември 2020

| Јавен повик | Поднесени (А) | Одобрени (Б) | Исплатени (В) | Стапка на одобрување (Б/А) | Стапка на исплата (В/Б) |
|---|---|---|---|---|---|
| 01/2017 | 67 | 31 | 30 | 46 % | 97 % |
| 01/2018 | 65 | 38 | 28 | 58 % | 74 % |
| 02/2019 | 61 | 48 | 1 | 79 % | 2 % |
| Вкупно | 183 | 117 | 59 | 64 % | 50 % |

Агенцијата сеуште ги одобрува барањата доставени на третиот јавен повик. Сумата на одобрени ЕУ средства изнесува 20.369.877 евра, сумата на исплатени 6.844.847 евра. Големата разлика помеѓу одобрените и исплатени барања се должи на природата (обемноста) на проектите кои се реализираат, како и на временската рамка за нивна реализација и се рефлектира на обемот на работа на Секторот за авторизација на исплати во Агенцијата. Имено, во следните 19 месеци Секторот ќе треба да авторизира исплата на средства 2,5 пати поголема од досега исплатените средства.

Типови на производство во Мерка 3[4]:

| Тип на производство | Поднесени барања | Одобрени барања | Одобрени ЕУ средства | Исплатени барања | Исплатени ЕУ средства |
|---|---|---|---|---|---|
| Собирни центри млеко | 10 | 6 | 912.043 | 5 | 296.171 |
| Преработка на млеко | 13 | 7 | 622.038 | 5 | 254.041 |
| Говеда за тов | 21 | 16 | 2.743.340 | 9 | 2.129.980 |
| Свињи за тов | 4 | 4 | 326.394 | 3 | 187.189 |
| Собирни центри О/З | 30 | 16 | 4.548.128 | 9 | 1.322.949 |
| Преработка на О/З | 56 | 26 | 5.832.243 | 13 | 965.225 |
| Мелничка индустрија | 21 | 9 | 320.032 | 3 | 107.760 |
| Масти и масла | 3 | 2 | 24.616 | 1 | 9.620 |
| Винарство | 25 | 15 | 2.905.513 | 7 | 991.857 |

Слично на мерката 1, повеќето видови инвестиции во оваа мерка се во набавка на машини и опрема за специјализирани производствени активности. Сепак, 30 барања, од кои 10 се одобрени за проекти кои вклучуваа инвестиции во изградба/реконструкција на оперативни објекти.

Преглед на барања во Мерка 3 по тип на инвестиција (набавка на опрема или градење/реконструкција):

[4] Податоците во оваа табела се од декември 2020

| Тип на инвестиција | Поднесени | Одобрени | Исплатени |
|---|---|---|---|
| Набавка на опрема и механизација | 153 | 87 | 49 |
| Градење/реконструкција | 30 | 14 | 6 |

Не е покажан интерес за инвестирање во подобрување на стандардите за благосостојба на животните, управување со отпад и отпадни води, подобрување на инфраструктурата на стопанството и специјализирана приколка и возила за транспорт. Во 32 наврати, договорите биле откажани на барање не барателите.




## Спроведување на Мерка 7

За Мерката 7 се објавени два јавни повици и најава за објавување на трет јавен повик во текот на јуни 2021.

| Јавен повик | Поднесен и (А) | Одобрен и (Б) | Исплатен и (В) | Стапка на одобрување (Б/А) | Стапка на исплата (В/Б) |
|---|---|---|---|---|---|
| 01/2017 | 187 | 23 | 13 | 12 % | 56 % |
| 01/2019 | 261 | 67 | 3 | 26 % | 4 % |
| Вкупно | 448 | 90 | 16 | 20 % | 18 % |

Процесот на обработка/одобрување на барањата доставени на вториот јавен повик сеуште не е завршен.

На првиот јавен повик беа доставени голем број барања (46) за инвестиции во производство на обновлива енергија. Сите овие барања беа одбиени бидејќи не ги исполнија критериумите на Програмата. Инвестициите во производство на обновлива енергија подоцна беа исклучени од вториот јавен повик (01/2019).

Вкупно се исплатени 16 апликации (придонес на ЕУ од 666.522 €).

Тип на производство во Мерка 7[5]:

| Тип на производство | Поднесен и барања | Одобрени барања | Одобрени ЕУ средства | Исплатени барања | Исплатени ЕУ средства |
|---|---|---|---|---|---|
| Одгледување на печурки тартуфи | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Хортикултура | 5 | 3 | 0 | | |
| Семе и расаден материјал | 2 | 1 | 73.847 | | |
| Одгледување на дивеч | 7 | 1 | 183.657 | | |
| Пчеларство | 98 | 18 | 34.216 | 1 | 1.614 |
| Ароматични зачински растенија | 22 | 8 | 11.146 | 5 | 5.662 |
| Дрва за сеча и биомаса | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Аквакултура | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Преработка на млеко | 17 | 1 | 20.549 | 0 | 0 |
| Преработка на О/З | 24 | 3 | 262.852 | 0 | 0 |
| Преработка на житарици | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Пијалоци | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Обработка на дрво | 33 | 5 | 1.298.085 | 3 | 474.256 |
| Производство на мебел | 75 | 10 | 1.416.507 | 0 | 0 |
| Занаетчиство | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Ветеринарни услуги | 11 | 3 | 22.155 | 2 | 14.225 |
| Услуги за поправки и одржување | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Социјални услуги | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Услуги за обука, едукативни центри | 4 | 1 | 487.158 | 0 | 0 |
| Транспортни услуги | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Останати услуги | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Туризам | 39 | 7 | 1.469.465 | 0 | 0 |
| Угостителство | 7 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Рурални музеи | 13 | 2 | 549.112 | 1 | 147.717 |
| Семинари и тренинзи | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Рекреативни активности | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 |

[5] Податоците во оваа табела се од декември 2020

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Сончева, ветерна, водна и геотермална енергија | 40 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Производство на биогориво | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Енергија за сопствени потреби | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Преглед на барања во Мерка 7 по тип на инвестиција (набавка на опрема или градење/реконструкција):

| Тип на инвестиција | Поднесени | Одобрени | Исплатени |
|---|---|---|---|
| Набавка на опрема и механизација | 375 | 57 | 12 |
| Градење/реконструкција | 73 | 3 | 1 |

Во оваа мерка, преовладува интересот за инвестирање во изградба и реконструкција на оперативни објекти за соодветните економски активности, инвестиции во подобрување на инфраструктурата на барателите, како и инвестиции во специјализирана опрема за обработка.

